# ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК

Регулативата за управување со кредитниот ризик ги опфаќа Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13 и 157/13) и Упатството за спроведување на Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/13).

## IV. Супервизорски стандарди за достасани за наплата, а ненаплатени побарувања

1. **Прашање:**

Дали банката може да изврши отпис на побарување за кое постои одредено обезбедување?

**Одговор:**

Постоењето обезбедување не треба да има одлучувачко влијание врз одлуката на банката за отпис на побарувањето. Имено, доколку се исполнети условите точка 41 став 1 алинеја 2 од Одлуката, односно во случаите коишто се предвидени со интерен акт, банката може да изврши отпис на побарувањето независно од постоењето на одредено обезбедување. Оттука, одредбата од точката 43 став 1 алинеја 4 од Одлуката, за наведување во елаботарот за отпис на причината за непостоење или за несоодветност на обезбедувањето на побарувањето, самата по себе не значи дека доколку постои обезбедување банката не може да врши отпис.